совет за етика во
медиумите на македонија

30.12.2015

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Ангела Илиевска за текстовите "Македонија заложник на ќејфовите на Ванхауте" и "ФОТО: Дали Ванхауте прераснува во вистински идол во СДСМ?", објавени на 26.10.2015 година на интернет порталот Netpress.com.mk**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 7, 10 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Член 7.

*"Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост."*

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)"*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот"*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 27.10.2015 година, лицето Ангела Илиевска поднесе жалба за текстовите "Македонија заложник на ќејфовите на Ванхауте" и "ФОТО: Дали Ванхауте прераснува во вистински идол во СДСМ?", објавени на 26.10.2015 година на интернет порталот Netpress.com.mk.

Во жалбата се наведува дека со текстовите се нарушува угледот на Илиевска како граѓанска активистка и млада личност. Се наведува и дека е превземена фотографија од личен профил и е најгрубо злоупотребена, а притоа нема име и презиме на оној кој ги напишал текстовите. Жалителката појаснува дека фотографијата на која е со господинот Питер Ванхауте не е направена на партиски состанок, таа не е партиски обоена, туку, како што вели, тоа е случај со девојката која е исто така на фотографијата, а која била во друштво на Илиевска и сакала да се фотографира. На крајот на жалбата е наведена и реченицата која се смета дека е деградирачка и дискриминирачка за женскиот пол: "Иако Ванхауте е со набиена агенда на активности, тој сепак наоѓа време да се фотографира со млади социјалдемократки, кои патем покажуваат огромен интерес за него. Останува прашањето дали е тоа така поради неговата дневница од 900 евра или пак поради неговиот изглед" .

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот Нетпрес, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот интернет портал не достави одговор на наводите на жалителката.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата ги зеде предвид и :

Декларација на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите (872 состанок од 12.02.2004 година) во делот каде што се потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу остварувањето на ова право и почитувањето на другите основни права, слободи и интесеси заштитени со Конвенцијата;

Чл.2 ст.1 т. 1 од Законот за заштита на личните податоци во кој се вели дека ''Личен податок'' е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет;

Чл. 3- а од Законот за заштита на личните податоци во кој се вели дека заштитата на личните податоци се гарантира на секое физичко лице без дискриминација заснована врз неговата националност, раса, боја на кожата, верски уверувања, етничка припадност, пол, јазик, политички или други верувања, материјална положба, потекло по раѓање, образование, социјално потекло, државјанство, место или вид на престој или кои било други лични карактеристики.

Чл.4-а од Законот за заштита на личните податоци во кој се вели дека одредбите од членовите 6, 7, 11, 12, 13, 14, 16, 22 и од 27 до 36 на овој Закон нема да се применуваат врз обработката на личните податоци што се врши единствено за:

- литературниот и уметничкиот израз и

# совет за етика во медиумите на македонија

- професионалното новинарство во согласност со етичките правила на оваа професија.

Одредбите од овој закон нема да се применуваат врз обработката на личните податоци што се врши за професионалното новинарство, само во случај ако јавниот интерес преовладува над приватниот интерес на субјектот на лични податоци.

Чл. 6 ст. 1 алинеја 1 од Законот за заштита на личните податоци во кој се вели дека обработката на личните податоци може да се врши по претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци;

***

На седницата на 07.12.2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителката Ангела Илиевска и направи увид во наведените текстови. Правично констатираше дека текстот "Македонија заложник на ќејфовите на Ванхауте" е објавен во 16:24 часот на 26.10.2015 година , а текстот ФОТО: Дали Ванхауте прераснува во вистински идол во СДСМ? е објавен во 20:06 часот истиот ден на интернет порталот Нетпрес.

Комисијата конастатираше дека текстот "Македонија заложник на ќејфовите на Ванхауте", непознатиот автор најпрво го започнува со свои видувања за активностите на посредникот во партиските преговори Питер Ванхауте, за потоа да ја додаде следнава реченица: **" Имено, Ванхауте, покрај набиената агенда успева да најде време за дружба и со младите социјалдемократки. Со него денес во едно познато скопско кафуле се дружеа и сликаа членови на СДСМ од понежниот пол, и тоа на пауза од нивни партиски семинар.**

**Останува прашањето зошто тоа е така – дали поради дневницата од 900 евра или пак поради неговиот изглед? "**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Веднаш потоа, медиумот/непознатиот автор на текстот објавува слика на преговарачот Ванхауте со две млади жени, за која жалителката тврди дека едната од нив е лично таа, **а авторот во целокупниот текст не ја посочува по име и презиме.**

Понатаму, Комисијата констатираше дека другиот текст "ФОТО: Дали Ванхауте прераснува во вистински идол во СДСМ?" објавен на истиот интернет портал, непознатиот автор најпрво го започнува со свои видувања за активностите на посредникот во партиските преговори Питер Ванхауте, за потоа да ја додаде следнава реченица: "**Иако Ванхауте има набиена агенда на активности во Македонија, тој сепак си наоѓа време да се фотографира со младите социјалдемократки, кои патем и покажуваат огромен интерес за него.**

**Останува отворено прашањето дали тоа е така поради неговата дневница од 900 евра, или пак, поради неговиот изглед?"**

Веднаш потоа непознатиот автор на текстот, исто како во текстот "Македонија заложник на ќејфовите на Ванхауте" ја објавува истата слика на преговарачот Ванхауте со двете млади жени, за која жалителката исто така тврди дека едната од нив е лично таа. Потоа медиумиот/непознатиот автор ја додава следнава реченица:

**"Тој е чест гостин во познатите скопски кафулиња, а Нетпрес од свои извори дојде и до фотографија. Со Ванхоуте денеска во едно познато скопско кафуле се дружеа и сликаа членови на СДСМ од понежниот пол, и тоа на пауза од нивни партиски семинар.**
**Првата од десно е Стефанија Митевска, член на СДСМ од Пробиштип, која патем е и многу партиски активна. Нејасно е само што бара преговарачот во ова друштво?"**

Потоа медиумиот/непознатиот автор објавува низа фотографии за кои тврди дека на нив е Стефанија Митевска, **а авторот исто така никаде во целокупниот текст не ја споменува жалителката Ангела Илиевска.**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

По ова, Комисијата ги зеде предвид и чл.2 ст.1 т. 1 од Законот за заштита на личните податоци и констатираше дека во овој случај, во согласност со самата дефиниција пропишана во членот, од фотографијата многу лесно може да се утврдат личните податоци, односно идентитетот на лицата на фотографијата врз основа на нивната физиономија, вклучително и на жалителката.

Комисијата најде дека, кога ќе се поврзат фотографијата објавена во текстот и горенаведените реченици, медиумот / непознатиот автор со сексистичките констатации дадени во прашална форма го доведува во прашање нивниот дигнитет како личности и нивниот углед во заедницата. Дотолку повеќе што во согласност со чл. 3-а од иститиот Закон, заштитата на личните податоци се гарантира на секое физичко лице без дискриминација заснована врз, меѓу другото, и на неговиот пол и политички или други верувања.

Притоа Комисијата, кога направи споредба на самиот текст и со тврдењата на жалителката дека не дала дозвола за објавување на фотографијата ниту таа, ниту споменатата Стефанија Митевска, констатираше дека авторот на текстот не навел дека добил дозвола за преземање на фотографијата од личен профил на социјалната мрежа Facebook, ниту пак достави доказ до Комисјата дека го сторил тоа, поради што членовите на Комисијата сметаат дека е прекршен чл. 6 ст. 1 алинеја 1 од Законот за заштита на личните податоци.

Како што понатаму констатираше Комисијата, личниот живот на жалителката која не е ниту избран ниту именуван функционер, и објавувањето на нејзините лични податоци во форма на физиономија забележана на фотографијата, **НЕ МОЖЕ да се смета за јавен интерес за да преовладува над приватниот интерес во професионалното новинарство во согласност со етичките правила на оваа професија заштитен со чл.4-а од Законот за заштита на личните податоци**. Ова оттаму што авторот на текстовите, при создавањето на медиумскиот продукт, морал да внимава да не ги загрози и другите човекови права на сите инволвирани личности, професионална одговорност која (покрај од Кодексот на новинарите на РМ) произлегува и од Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка

дебата во медиумите (872 состанок од 12.02.2004 година), во делот каде се потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу остварувањето на ова право и почитувањето на другите основни права и слободи и интереси заштитени со Конвенцијата.

Комисијата понатаму сметаше дека, медиумиот, односно авторот на текстот, можел многу лесно со процес на т.н. 'кропување' (cropping) со програма на фото обработка (paint) која ја има на секој компјутер, да ги отстрани личните податоци на жалителката на која, во согласност со професионаланата должност, требало да и ги заштити личните податоци.

***

Комисијата за жалби најде дека во текстовите "Македонија заложник на ќејфовите на Ванхауте" и "ФОТО: Дали Ванхоуте прераснува во вистински идол во СДСМ?", објавени на 26.10.2015 година на интернет порталот Netpress.com.mk, прекршен е членот 1 од Кодексот на новинарите, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството. Затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку од два меѓусебно неповрзани извора. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им се даде можност на сите засегнати страни од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатите текстови е прекршен и член 7, според кој информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание на јавниот интерес. Во такви ситуации треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози некоја друга личност.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Понатаму, Комисијата најде дека е прекршен член 10 од Кодексот, според кој новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права и слободи и нема да поттикнува на дискриминација врз која било основа.

Комисијата за жалби најде дека во спорните текстови е прекршен и член 13, според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски, Сефер Тахири и Мери Јордановска.

**Се обврзува интернет порталот Netpress.com.mk во согласност со членот 18. од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје